**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Муамет Шеху, претседател на советот, Филип Трифуновски, Антоанета Димовска, Субхи Јакупи и Фиданка Рајевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот Р.Х.П.А од Велес, по одржаната расправа во согласност со членот 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на РСМ, во присуство на нотарот, на ден 9.11.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот Р.Х.П.А од Велес, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 2.9.2022 година, под ОДУ бр.861/22, потврдила приватна исправа - Договор за дар на недвижен имот, во кој на крајот на изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, рачно е напишано името и презимето на дарувачот но нема своерачен потпис, со што нотарот не постапила во согласност со членот 40 став (2) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

2.Нотарот Р.Х.П.А од Велес, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што не ги уплатува судските такси согласно со членот 158 од Законот за нотаријатот, членот 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и членот 3 став (2) од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет (на пример ОДУ бр. 22/22, ОДУ бр. 958/21 и УЗП бр. 6970/21, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

3. За дисциплинските повреди опфатени со точка 1) и 2) од диспозитивот на решението, се изрекува единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка против нотарот Р.Х.П.А од Велес, доставен од страна Министерство за правда, бр. 09- 95/10 од 25.5.2023 година, до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплински повреди од член 140 став (1) алинеја 2) и 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

**Со предлогот се доставени: копија од Извештајот за извршен надзор и копија на нотарските списи;**

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена со поднесокот од 20.6.2023 година, и лично на расправата, меѓу другото, укажува дека дарувачот во склучениот Договор за дар на недвижен имот нема свој скратен потпис за потпишување на соодветна документација. Предното е видно и од неговата лична карта, при што пред нотарот изречно изјавил дека не користи скратен потпис. Во однос на судската такса истата е уплатена од страна на странките, а од нејзина страна се уплатени во корист на буџетот на Република Северна Македонија, односно во целост е исполнета законската обврска за уплата на судските такси. Наведе дека досега не е дисциплински казнувана.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следнава фактичка состојба:

На ден 2.9.2022 година, под ОДУ бр.861/22, именуваниот нотар потврдила приватна исправа - Договор за дар на недвижен имот, во кој како дарувач се јавува лицето хх од Велес, а како даропримачи хх од Велес и хх од Скопје. Предмет на договорот, недвижниот имот, детално е опишан во членот 1 од Договорот за дар на недвижеин имот склучен на ден 25.8.2022 година и во наведената нотарска исправа. На крајот од изворникот од нотарската исправа ОДУ бр. 861/22 од 2.0.2022 година, рачно е напишано името и презимето на дарувачот но нема негов своерачен потпис, над потписот на нотарот, со што нотарот не постапила во согласност со членот 40 став (2) од Законот за нотаријатот, според кој на крајот од изворникот на нотарската исправа, но над потписот на нотарот, со потпис и рачно напишано име и презиме се потпишуваат

сите учесници кои учествувале при составувањето на нотарската исправа, а на кој начин според утврденото не е постапено.

Во предметот ОДУ бр. 22/22 од 13.1.2022 година, судската такса во полза на Буџетот на Република Северна Македонија е уплатена на ден 6.4.2022 година, што е видно од налогот за јавни приходи - за уплата во Е Банка од 6.4.2022 година, во предмеот ОДУ бр. 958/21 од 9.12.2021 година, уплатата на судската такса е извршена на ден 14.1.2022 година, што е видно од налогот за јавни приходи - за уплата во Е Банка од 14.1.2022 година, и во предметот УЗП бр.6970/21 од 28.10.2021 година, уплатата на судската такса е извршена на ден 1.11.2021 година, што е видно од налогот за јавни приходи - за уплата во Е Банка од 1.11.2021 година. Ваквото постапување е спротивно на членот 158 од Законот за нотаријатот, а во врска со членот 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија (Сл. весник на РМ бр. 226/16, 80/2017 и 110/2018), според кој наплатените судски такси во текот на работното време или најкасно наредниот работен ден, од страна на нотарот се уплатуваат на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет на образец ПП – 50, налог за јавни приходи, и членот 3 став (2) од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, кој е со иста содржина. Според утврденото, нотарот не постапила во согласност со цитирните законски одредби.

При утврдување на правната квалификација на сторените дисциплински повреди Дисциплинскиот совет се раководи со членот 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постпка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, именуваниот нотар со дејствието опишано во точка 1) од диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда од членот 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, а не и повреда од членот 140 став

(1) алинеја 12) на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-95/10, а со дејствието опишано во точка 2) од диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда од членот 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, а не и повреда од членот 140 став (1) алинеја 2) на која се укажува во истиот Предлог.

Во врска со дисциплинските повреди сторени на начин опишан во диспозитивот на решнието, Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана од страна на нотарот, меѓутоа ја оцени како неоснована. Во врска со дисциплинската повреда опфатена со точка 1), законската одредба од членот 40 став (2) од Законот за нотаријатот е соема јасна. Наводот на изнесената одбрана дека дарувачот нема, некој свој, посебен потпис кој би го ставил на крајот од нотарската исправа, е неоснован.Ова поради тоа што дарувачот хх е писмен, што е видно од списи на предметот, поради што, без оглед на тоа дали истиот има или нема некој свој посебен потпис, истиот требало да го стави својот вообичаен потпис на стр.2 од нотарската исправа ОДУ бр. 861/22 од 3.9.2022 година, над потписот на нотарот, но видно од истата таков потпис недостасува. Во врска со дисциплинската повреда опфатена со точка 2) од диспозитивот на решението, наводот изнесен во одбраната на нотарот дека судската такса е уплатена во полза на Буџетот на Република Северна Македонија, со ништо не го оправдува задоцнувањето на извршената уплата која, според утврденото, е извршена вон рокот утврден со членот 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и членот 3 став (2) од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет.

Дисциплинскиот совет ги ценеше и останатите наводи изнесени во одбраната на нотарот, меѓутоа најде дека се без влијание за поинакво одлучување по предметот.

При одмерување на дисциплинска мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од членот 133 став (2) од Законот за нотаријатот и членот 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската

комора на РСМ, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет, како олеснителни, ја утврдува околноста дека нема доказ дека на сгранките во предметот ОДУ бр. 861/22 е причинета материјална штета, дека судската такса, со одредено задоцнување, сепак е уплатена во полза на Буџетот на РСМ, што значи дека не е причинета штета на истиот, и дека според евиденцијата која се води во Нотарската комора, именуваниот нотар досега не е дисциплински казнувана. Имајќи го предвид наведеното, за секоја од дисциплинските повреди опфатена со точка 1) и 2) од диспозитивот на решението, е изречена пооделна дисциплинска мерка јавна опомена, а потоа и единствена дисциплинска мерка – јавна опомена согласно со членот 139 став (1) од Законот за нотаријатот.

Дисциплинскиот совет очекува дека нотарот нема да ги повтори воочените грешки при примена на членот 40 од Законот за нотаријатот и членот 51 став (2) од наведениот Правилник и дека нотарската служба ќе ја врши во согласност со Законот за нотаријатот и подзаконските акти.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решениево согласно со членот 24 став (2) точка 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

**Претседател на Советот,**
**Муамет Шеху**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;